# У П А Т С Т В О
## за потребните документи
## за доделување на средства од Посебниот фонд
## за работно оспособување на инвалидни лица

Кон барањето за доделување на средства од Посебниот фонд за работно оспособување се доставуваат следниве **документи.**

**1. пропратно писмо од правниот субјект** кој поднел барање за доделување на средства од Посебниот фонд за работно оспособување (да се означи потребата од работно оспособување за вработени односно невработени инвалидни лица);

**2. пополнет образец - барање** (оригинал) за доделување на средства заведен од Центарот за вработување;

**3. пополнет образец - мислење** (оригинал) заверено и потпишано од Центарот за вработување;

**4. документ** за упатување до Комисијата за оценка на работна способност на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија заради добивање на Наод, оценка и мислење за работна способност на инвалидното лице, заверен и потпишан од Раководителот на Центарот за вработување;

**5. список на инвалидни лица** за кои се бара доделување на средства од Посебниот фонд за работно оспособување со презиме и име и единствен матичен број на граѓанинот;

**6. наод, оцена и мислење** од Комисија за оценка на работна способност на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Македонија согласно членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;

**7. документ за завршено образование на инвалидните лица;**

**8. договор за работа, М1/М2 обрасци** заверени од Центарот за вработување ( за вработени инвалидни лица);

**9. потврда** од Заедница на заштитни друштва дека инвалидните лица ги исполнуваат условите од член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица;

**10. програма** за спроведување на работното оспособување;

**11. документ за завршено образование на лицето - обучувач** кој ќе ја спроведува Програмата за работно оспособување;

**12. решение за судска регистрација** на работодавецот од надлежниот регистарски суд со сите прилози од 1-7 - (фотокопија);

**13. решение** од Државниот завод за статистика - образец Р-1 или Р-3;

**14. решенија за исполнување на мерките, нормативите и стандардите за заштита при работа**

**- решение** за исполнување на мерките, нормативите и стандардите за заштита при работа (од Министерство за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд);

**- решение** за исполнување на условите за вршење на дејности определени со закон (од Министерство за здравство - Државен санитарен и здравствен инспекторат);

**- решение** за исполнување минимално - технички услови за вршење на дејности определени со закон (од Министерство за економија);

***Напомена:*** *Адресата на која работодавецот моментално ја врши дејноста треба да се совпаѓа со адресата во горе наведените Решенија за исполнување на минимално техничките услови и пропишаните мерки.*

**15. извештај со мислење за бонитет** од Централен регистар**,** (Друштвата што се новоосновани, односно деловно се активни помалку од една година потребно е да достават Известување од Централен регистар) со важност од 6 месеци;

**16. потврда** дека не е покрената постапка за стечај од надлежен суд со важност од 6 месеци)

**17. доказ за редовно исплаќање на плата и придонеси од плата и персонален данок за последните 3 месеци.**

**доказ за исплатена плата**

**- список со броеви на тековни сметки или штедни книшки** заверени од банката чиј депонент е работодавецот за исплатена плата за последните 3 месеци за вработените инвалидни лица;

**- налог ПП-30**; **извод од банка**.

**доказ за платени придонеси и даноци**

**- образец ПДД-МП**-месечна пресметка за исплатената плата, пресметаниот и уплатен персонален данок и придонеси од плата за последните 3 месеци, согласно закон, пред поднесувањето на барањето;

**- налог ПП 50**-налози за платени придонеси од плата за последните 3 месеци, заверен од банка со задолжителна назнака за кој месец се плаќаат придонесите;

**- извод од сметката** од банката каде е депонент како доказ дека е исплатена плата, платени придонеси и персонален данок.

***Напомена***: Новооснованите друштва и трговци поединци кои деловно не се активни не доставуваат документи за редовно исплаќање на плата и придонеси од плата и персонален данок за последните 3 месеци за сите вработени лица.

***Право на поднесување на барање за работно оспособување*** *има секое инвалидно лице кое самостојно врши дејност како трговец поединец, заштитно друштво и друго правно лице кое вработува инвалидно лице.*